**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2012 ГОДИНА**
**од областа на еднаквите можности на жените и мажите**
**во Општина Аеродром со статистички податоци**

Комисијата за родова еднаквост во рамките на Советот на Општина Аеродром е формирана со решение со архивски број 07-28/2 од 17.05.2005 година, а координаторот е назначен од редовите на државната администрација во Општината, со Овластување за извршување на работните задачи како координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром со архивски број 08-3669/1 од 12.05.2009 година.

Комисијата за родова еднаквост при Советот на Општина Аеродром е составена од претседател – Весна Ангелевска и четири члена – Мелина Голубовска, Драгана Букилица, Марија Митаноска и Ивана Јаргиќ.

Координаторот за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром е државен службеник во општинската администрација – Јелена Пејановиќ, помлад соработник за култура во Секторот за образование, спорт, култура и заштита.

Во текот на 2012 година, беа одржувани повремени средби и комуникација помеѓу членовите на Комисијата за родова еднаквост и Координаторот во врска со еднаквите можности на жените и мажите и нивниот рамноправен третман. Преку е-меил пораки, координаторот ги известуваше членовите на Комисијата за сите случувања и настани поврзани со родовата еднаквост.

Во текот на изминатата година, координаторот учествуваше на една обука и една работилница од областа на родовата рамноправност и дискриминација и тоа:

- 13.01.2012 година – **Обука од областа на еднаквите можности на жените и мажите: „Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2012-2013“** (во хотел „Арка“ – Скопје, организирана од Агенција за вработување на РМ, МТСП и УНДП);
- 20.11.2012 година – **Работилница „Препознавање и механизми за заштита од дискриминација“** (хотел „Арка“ – Скопје, организатор Хелсиншки комитет). На оваа работилница со коорднаторот беше поканета и присуствуваше и претседателката на Комисијата.

Освен тоа, координаторот, а понекогаш и членовите на Комисијата учествуваа на околу девет јавни расправи и (меѓународни) конференции од областа на еднаквите можности, дискриминацијата и заштита од семејно насилство, како и промоции и презентации на проекти и други активности.

Јавните расправи, обуката и работилницата беа оценети како корисни, бидејќи на нив беа разменети искуства со претставниците од другите општини, државните и јавните институции, здруженијата на граѓани и невладини организации, кои дискутираа за постоечките проблеми и често пати помагаа да се најдат најсоодветни решенија за нивно надминување во понатамошната работа.

Во населбата Реонски центар во Ново Лисиче во завршна фаза е изградбата на едно основно училиште и една детска градинка, кои пред три години почнаа да се градат по иницијатива на Општината и ресорните

министерства. Во изминатите години, граѓаните кои живеат во овој дел на општината се соочуваа со проблем да не можат да ги запишат децата во градинка, односно чекаат долго време на листите за упис, а постоечкото основно училиште „Лазо Ангеловски“ работи во три смени и има голем број на ученици. Во оваа населба постојано се градат нови станбени објекти и истата е населена со млада популација. Иако во овој дел на општината има основно училиште и детска градинка, тие немаат доволно капацитети да ги задоволат потребите на граѓаните, што директно влијае на жените и немањето можност да ги организираат обврските кон децата и да се реализираат на професионален план. Со изградбата на овие два нови објекти и нивното започнување со работа, наведените проблеми на граѓаните, особено на жените ќе бидат решени.

Во општината во изминатите години беа изградени повеќе фудбалски терени, но се изградија и отворени спортски терени, односно повеќенаменски игралишта за различни спортови, со што и на женската популација и е овозможено да се занимава со спорт и да се рекреира. Со цел да се анимираат и рекреираат особено жителите од женскиот пол, Општината овозможи сите граѓани со нивно претходно пријавување на е-меил адреса во Општината, во сабота и недела бесплатно да играат тенис. И покрај оваа иницијатива, од статистичките податоци подолу во табелата се забележува дека е поголем бројот на машките кои бесплатно играат тенис.

Со цел да се подигне свеста за грижата на жените за своето здравје, Општината за своите вработени согласно Законот за безбедност и здравје при работа, обезбедува редовни и задолжителни систематски прегледи, а за вработените од женскиот пол согласно законот се реализираат и дополнителни прегледи на гради и гинеколошки преглед.

На територијата на Општина Аеродром функционираат три здруженија на жени и тоа: „Мимози“, „Ѓердан“ и „Феникс“.

Општина Аеродром со донесена Одлука на Советот на Општината („Службен гласник на Општина Аеродром“ број 22 од 29.09.2011 година) има склучено Договор за послуга со Невладино, непартиско, хуманитарно Здружение на жени „Мимози“ (арх. бр. 05-9113/1 од 13.10.2011 година), со што на Здружението му е даден на користење деловен простор во населба Лисиче без плаќање надомест. Просторот го користат членките на Здружението за состаноци и координација во врска со нивните активности.

На веб-страницата на Општина Аеродром и во општинскиот весник во февруарскиот број беа напишани текстови со кои се известуваат жителите на општината дека е донесен нов Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ број 6 од 13.01.2012 година) со што стариот закон е вон сила. Накусо се објаснети основните работи на кои овој закон се однесува како и правните механизми за справување со дискриминацијата по основ на родот и полот. Воедно, Општината упати апел до сите граѓани на нејзината територија, како и до организациите на жени, здруженијата на граѓани и невладини организации за соработка и за разговор во врска со евентуалните случаи на дискриминација со цел граѓаните да се запознаат со своите права и да бидат упатени до соодветните институции за понатамошно преземање мерки при евентуалните случаеви на дискриминација. Текстовите напишани на веб-страницата и соопштенијата испратени до медиумите беа објавени и во

дневните весници и веб-порталите како: Дневник, Нова Македонија, Вечер, Курир, Е-репортер, Тајм, МРТВ, Скај и други.

Во средината на месец март 2012 година, во рамките на еднонеделната еколошка акција во ОУ „Гоце Делчев“ од Горно Лисиче, се вклучија и жените од Лисиче кои заедно со учениците засадија околу 100 љубичици и едукативно влијаеја на децата и учениците да ја негуваат природата и околината.

На 26.03.2012 година невладината организација „Линк Акрос“ одржа бесплатен семинар за жените претприемнички на тема „Жените во бизнис светот: Вообичаени предизвици и искуства“. Семинарот се одржа во просториите на Центарот за образование М6 (до скопската пиварница) и на него учествуваа 30-тина жени претприемнички, претставнички на невладиниот сектор, како и невработени жени, кои сакаат да почнат или да се вклучат во бизнис секторот. Предавач на семинарот беше г-ѓа Џули Викс која е претседателка и главна извршна директорка на американското општествено профитно претпријатие „Вуменејбл“. Викс е една од светските водечки експерти на полето на развојот на претпријатијата на жени со повеќе од 30 години искуство во приватниот и во јавниот сектор. Таа има водено, координирано и консултирано истражувачки проекти, чиј фокус се жените сопственички на бизниси во повеќе од дваесет земји. Инаку, целта на овој семинар беше да се пренесат искуствата, да се потенцира значењето од постоење на претприемништва на жени и да се им даде поддршка на создавањето и развојот на претпријатијата на жени. Покрај Општина Аеродром и „Линк акрос“, во организацијата учествуваа и Општина Гази Баба, Центарот за образование М6 и Американската амбасада.

На 03.07.2012 година во Општина Ѓорче Петров се одржа работна средба со цел да се разменат искуства и да се развие понатамошна соработка помеѓу двете општини и Комисијата за заштита од дискриминација. На средбата присуствуваа претставници од двете наведени општини и тоа вработени во општинската администрација, координаторите за еднакви можности на жените и мажите, претседателките на Комисиите за еднакви можности при Советите на Општините и директори од основните училишта од двете општини. Претседателот на Комисијата за заштита од дискриминација, г. Душко Миновски накусо ги изложи основните надлежности, функционирањето на Комисијата и преку примери на пријавени случаеви, објаснуваше за различните случаеви на дискриминација по основ на род и пол и каков исход е добиен од тие поднесени претставки. Присутните лица на овој работен состанок го оценија ова излагање како мошне корисно за нивната понатамошна работа, пред сè поради конкретните примери од претставките.

Согласно новиот Закон за еднакви можности на жените и мажите („Службен весник на РМ“ број 6 од 13.01.2012 година) на 65-тата Седница на Советот на Општина Аеродром, одржана на 13.07.2012 година, беше усвоена Предлог-одлуката за измена и допуна на Статутот на Општина Аеродром. Беа извршени повеќе измени и допуни, а беше сменето и името на „Комисијата за родова еднаквост“ во „Комисија за еднакви можности на жените и мажите“. Ова беше извршено согласно новиот закон, како и по добиеното толкување од страна на Министерството за труд и социјална политика на РМ за новиот Закон (допис од МТСП со наш арх. број 16-1910/3 од 19.03.2012 год., арх.бр. во МТСП 17-1624/3 од 16.03.2012 година).

Во периодот од септември до крајот на 2012 година беше реализиран проектот „Форуми во заедницата“ во соработка со Швајцарската агенција за

развој и соработка, а со посредство на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Ова е втор проект во Општина Аеродром од овој вид на кој овојпат беше креиран дел од Буџетот на Општината за 2013 година од страна на жителите од Општина Аеродром. Самите граѓани според своите потреби и желби наменија одреден дел од Буџетот за проекти за кои тие сметаат дека се приоритетни и важни за нив. Координаторот за еднакви можности на жените и мажите вложуваше напори да ги анимира жените да се вклучат поактивно во проектот, особено преку организациите на жените и преку кадарот вработен во основните училишта и детските градинки. За секоја форумска сесија граѓаните беа известувани преку лепење постери на фреквентните локации, соопштенија на општинската веб-страна и во весникот, како и преку телефонски јавувања и разговор со претставничките од здруженијата и организациите на жени со седиште на територијата на Општина Аеродром.

Во периодот од октомври, па сè до крајот на 2012 година, во ОУ „Блаже Конески“ и во ОУ „Лазо Ангеловски“ се реализираше проект составен од 6 обуки за женско претприемништво и професионален развој, во соработка со невладината организација „Линк Акрос“ од САД и Одделението за локален економски развој од Општина Аеродром. Обуките беа наменети пред сè за невработените девојки и жени, како и за жените коишто сакаат да го доградат своето знаење и да започнат сопствен бизнис. Жените беа обучувани да бидат успешни претприемачки, се едуцираа како да го развијат сопствениот бизнис и да напредуваат во компанијата во која работат. За секоја обука учесничките плаќаа симболична партиципација од 250 денари. Обуката успешно ја завршија околу 50 жени. На 18.01.2013 година во ОУ „Ѓорѓија Пулевски“на 50-те жени кои успешно ја завршија обуката, свечено им беа доделени сретификатите од страна на г. Пол Волерс, амбасадор на САД во РМ и г. Ивица Коневски, градоначалник на Општина Аеродром. Благодарение на овие обуки кои невладината организација „Линк Акрос" ги спроведе во Општина Аеродром, се овозможи да профункционира фондацијата за поддршка и развој на женското претприемништво „Центар за жени претприемачи Скопје". Имено, таа е основана со цел да им помогне на жените да го подобрат економскиот и социјалниот статус преку етаблирање и управување со микро-бизниси. Центарот веќе почна со свое делување и потпиша договори за соработка со неколку локални општини.

На 73-тата Седница на Советот на Општина Аеродром одржана на 17.12.2012 година беше усвоена Предлог-програмата за активности од областа на еднаквите можности на жените и мажите во Општина Аеродром за 2013 година. Програмата е објавена во „Службен гласник на Општина Аеродром“ број 27 од 18.12.2012 година.

На 18.12.2012 година во ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ се одржа јавна трибина за спречување и заштита од семејно насилство во соработка со Организација на жените на Град Скопје (ОЖС). На трибината присуствуваа жители од општината, воглавно жени, претставнички од организациите на жени со седиште во Општина Аеродром, како и претставници од основните училишта и од градинките што се наоѓаат на територијата на Општината. На јавната трибина, како и во општинската зграда беа дистрибуирани флаери за подетално запознавање со темата и постапување во случаевите на семејно насилство, а воедно, со тоа беше промовирана Националната СОС линија за жртви на семејно насилство (02) 15 700.

Координаторот ја посети Обуката „Оперативен план за активните програми и мерки за вработување за 2012-2013“ (погоре наведена), во рамките на Активните мерки за вработување на Владата на РМ. Како што беше договорено на обуката, на огласната табла и на веб-страницата на Општина Аеродром, како што излегуваа во дневните весници, така беа објавувани јавните огласи, со цел што повеќе жители на Општина Аеродром да се информираат за можностите за самовработување, започнување сопствен бизнис и сл., а ова особено се однесуваше на жените да преземат поголема иницијатива во започнување сопствен бизнис.

Координаторот во соработка со Одделението за односи со јавноста во Општина Аеродром, за сите новитети и активности во врска со родовата еднаквост ги известуваше жителите на Општината преку соопштенија до медиумите, со објавување на известувања на општинската веб-страницата, во Општинскиот весник, преку флаери и лепење плакати за активностите на фреквентните места на територијата на Општината. Тие соопштенија потоа беа печатени и објавувани на веб-страниците на другите дневни весници, на веб-порталите и слично, со цел помасовно да се информираат сите граѓани за оваа проблематика. Координаторот во два наврати беше вклучен „во живо“ во утринската емисија на Македонско радио во која се разговараше за родовата еднаквост, новиот закон за еднакви можности и накусо на што сѐ тој се однесува, за семејното насилство и сл., а даде и изјава за весникот Нова Македонија во врска со родовата еднаквост.

Во текот на 2012 година, како и претходните години, координаторот за еднакви можности на жените и мажите ги прибираше статистичките податоци за граѓаните кои живеат на територијата на општина Аеродром разделени според полот и ги ажурираше веќе постоечките податоци во базата од минатата година.

Прибирањето на податоците се состоеше од испраќање дописи до релевантните институции од кои беше побарано да ги доставаат до Општината податоците разделени според полот, како и од анализата на тековната работа за минатата година на општинската администрација во различните области на работењето.

Добивањето на релевантни и нови статистички податоци како и минатата година, се одвиваше отежнато, бидејќи се наидуваше на постари податоци, кои во текот на изминатите години не биле водени и обработувани според полот на граѓаните. Всушност за основни и официјални демографски податоци се сметаат податоците од последниот Попис на населението во Република Македонија спроведен од Државниот завод за статистика во 2002 година.

Следува табеларниот приказ на статистичките податоци за граѓаните кои живеат на територијата на општина Аеродром.

**Табела 1: Демографска структура на населението во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | В к у п н о (%) |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на жители во Општината | 36.718 | 35.291 | 72.009 |
| Процент на жители во Општината (%) | 50,99% | 49,01% | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 2: Структура на населението во Општина Аеродром според образование (школска подготовка) и разделена по пол, за лица на возраст од 15 и повеќе години**

| Степена на образование | Пол | | В к у п н о (%) | |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Сèуште во процес на образование | | | 20 | 0,03% |
| Без училиште (никакво образование) | | | 488 | 0,80% |
| Некомплетно основно образование | | | 2.264 | 3,72% |
| Основно училиште | | | 9.254 | 15,19% |
| Средно училиште | | | 35.078 | 57,57% |
| Виша школа | | | 2.535 | 4,16% |
| Висока школа, факултет, академија | | | 10.603 | 17,40% |
| Магистратура | | | 417 | 0,68% |
| Докторат | | | 274 | 0,45% |
| В к у п н о | | | 60.933 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, но не се разделени според пол

**Табела 3: Старосна структура на населението разделена по пол**

| Возраст по категории | Пол | | | | В к у п н о | Вкупно % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Женски | % | Машки | % | | |
| 0 – 19 години | 8.183 | 22,29 | 8.561 | 24,26 | 16.744 | 23,25% |
| 20 – 60 години | 23.702 | 64,55 | 22.446 | 63,60 | 46.148 | 64,09% |
| Над 60 години | 4.833 | 13,16 | 4.284 | 12,14 | 9.117 | 12,66% |
| Вкупно | 36.718 | 100 | 35.291 | 100 | 72.009 | 100% |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година, каде што се прикажани во повеќе категории

**Табела 4: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 10 и повеќе години, разделени по пол и по писменост**

| Општина Аеродром | В к у п н о | | Мажи | | Жени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | писмени | неписмени | писмени | неписмени | писмени | неписмени |
| | 64.656 (99,27%) | 475 (0,73%) | 31.688 (99,73%) | 86 (0,27%) | 32.968 (98,83%) | 389 (1,17%) |
| | | | 100% | | 100% | |
| | 65.131 (100%) | | 31.774 (48,78%) | | 33.357 (51,22%) | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 5: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – вкупно**

| Општина Аеродром | В к у п н о | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сѐ | вработени | невработени | |
| | 60.743 (100%) | 35.484 (58,42%) | 28.310 (79,78%) | 7.174 (20,22%) | 25.259 (41,58%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 6: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста - мажи**

| Општина Аеродром | В к у п н о | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сѐ | вработени | невработени | |
| | 29.459 (100%) | 18.607 (63,16%) | 14.980 (80,51%) | 3.627 (19,49%) | 10.852 (36,84%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Табела 7: Структура на населението во Општина Аеродром на возраст од 15 и повеќе години, според активноста – жени**

| Општина Аеродром | В к у п н о | Економски активни | | | Економски неактивни |
|---|---|---|---|---|---|
| | | сѐ | вработени | невработени | |
| | 31.284 (100%) | 16.877 (53,95%) | 13.330 (78,98%) | 3.547 (21,02%) | 14.407 (46,05%) |
| | | | 100% | | |

* Податоците се од Државниот завод за статистика, според последниот Попис на населението во 2002 година

**Структура на невработено население во Општина Аеродром разделена според пол и други карактеристики**

**Табела 8: Евидентирани невработени лица според полот и возраста**

| Возраст | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| од 15-19 год. | 17 | 24 | 41 |
| од 20-24 | 148 | 123 | 271 |
| од 25-27 | 186 | 146 | 332 |
| од 28-29 | 139 | 102 | 241 |
| од 30-34 | 263 | 194 | 457 |
| од 35-39 | 275 | 149 | 424 |
| од 40-44 | 200 | 122 | 322 |
| од 45-49 | 218 | 135 | 353 |
| од 50-54 | 268 | 198 | 466 |
| од 55-59 | 533 | 330 | 863 |
| 60 и повеќе | 258 | 584 | 842 |
| В к у п н о | 2505 | 2107 | 4612 |
| Процент % | 54,31% | 45,69% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 30.11.2012 година).

**Табела 9: Евидентирани невработени лица според полот и времето на чекање работа**

| Време на чекање | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| под 1 месец | 110 | 109 | 219 |
| од 1 до 5 мес. | 349 | 311 | 660 |
| од 6 до 11 мес. | 247 | 241 | 488 |
| од 12 до 17 мес. | 243 | 204 | 447 |
| од 18 до 23 мес. | 170 | 130 | 300 |
| 2 години | 274 | 214 | 488 |
| 3 години | 204 | 188 | 392 |
| 4 години | 112 | 91 | 203 |
| 5 до 7 години | 253 | 226 | 479 |
| 8 години и повеќе | 543 | 393 | 936 |
| В к у п н о | 2505 | 2107 | 4612 |
| Процент % | 54,31% | 45,69% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 30.11.2012 година).

**Табела 10: Евидентирани невработени лица според полот и националната припадност**

| Национална припадност | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| Македонци | 2400 | 1999 | 4399 |
| Албанци | 26 | 35 | 61 |
| Турци | 8 | 7 | 15 |
| Роми | 10 | 17 | 27 |
| Срби | 33 | 24 | 57 |
| Власи | 2 | 1 | 3 |
| Бошњаци | 3 | 4 | 7 |
| Други | 23 | 20 | 43 |
| В к у п н о | 2505 | 2107 | 4612 |
| % | 54,31% | 45,69% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 30.11.2012 година).

**Табела 11: Евидентирани невработени лица според полот и степенот на образование**

| Степен на образование | Евидентирани невработени лица според пол | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | Вкупно |
| НКВ | 254 | 242 | 496 |
| ПКВ и НСО | 31 | 14 | 45 |
| КВ | 419 | 605 | 1024 |
| ВКВ | 0 | 0 | 0 |
| ССО | 1038 | 755 | 1793 |
| Вишо СО | 55 | 46 | 101 |
| Високо СО | 664 | 423 | 1087 |
| Магистри | 44 | 20 | 64 |
| Доктори | 0 | 2 | 2 |
| В к у п н о | 2505 | 2107 | 4612 |
| % | 54,31% | 45,69% | 100% |

* Прегледот е доставен од Агенција за вработување на РМ – Центар за вработување на Град Скопје (состојба на 30.11.2012 година).

**Табела 12: Структура на членовите на Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи | В к у п н о |
|---|---|---|---|
| Број на советници/чки | 10 | 17 | 27 |
| Процент на советници/чки (%) | 37,04% | 62,96% | 100% |

**Табела 13: Учество на жените советнички во телата на одлучување во Советот на Општина Аеродром**

Претседателот на Советот е од машки пол.
Во Општината сè уште немало жена на функцијата претседател на Совет.

| **Претседатели на Комисии во Советот на Општината** | | | |
|---|---|---|---|
| | Жени | Мажи | В к у п н о |
| Претседатели на Комисии | 4 | 8 | 12 |
| Процент на претседатели на Комисии (%) | 33,33% | 66,67% | 100% |

**Табела 14: Состав на Комисијата за родова еднаквост во Советот на Општина Аеродром**

| | Жени | Мажи |
|---|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 1 | 0 |
| Членови на КЕМ | 4 | 0 |
| В к у п н о | 5 | 0 |
| Процент % | 100% | 0% |

**Табела 15: Структура на Комисијата за родова еднаквост според степенот на образованието**

| | **Образование** | |
|---|---|---|
| | ССС | ВСС |
| Претседателка на КЕМ | 0 | 1 |
| Членови на КЕМ | 1 | 3 |
| В к у п н о | 1 | 4 |
| Процент % | 20% | 80% |

**Табела 16: Структура на Комисијата за родова еднаквост според возраста**

| КЕМ | Возраст (години) |
|---|---|
| Претседателка на КЕМ | 43 |
| Член на КЕМ | 37 |
| Член на КЕМ | 32 |
| Член на КЕМ | 31 |
| Член на КЕМ | 28 |
| Просечна возраст | 34,2 |

**Табела 17: Координатор за еднакви можности на жените и мажите во Општина Аеродром**

| | Пол | Образование | Возраст (години) |
|---|---|---|---|
| Координатор | Женски | ВСС (магистер) | 36 |

**Табела 18: Структура на вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на вработени | 61 | 49 | 110 |
| Процент на вработени (%) | 55,45% | 44,55% | 100% |

**Табела 19: Структура на раководители на сектори и одделенија од вработените лица од државната администрација во Општина Аеродром разделена по пол**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на раководители | 5 | 6 | 11 |
| Секретар на ОА | 1 | 0 | 1 |
| Вкупно | 6 | 6 | 12 |
| Процент % | 50% | 50% | 100% |

**Табела 20: Табела со податоци разделени според пол за бројот на секретарите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица се дел од државната администрација, вработени во Општина Аеродром и се вкалкулирани во табелата **број 18** во која е прикажан вкупниот број на вработени лица во Општина Аеродром)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на секретарите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Острово | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Бисер | 1 | 0 | 1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| УЗ Ново Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Мичурин | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 0 | 1 | 1 |
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане Сандански | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 1 | 0 | 1 |
| В к у п н о | 5 | 6 | 11 |
| Процент % | 45,45% | 54,55% | 100% |

**Табела 21: Табела со податоци разделени според пол за бројот на претседателите во урбаните/месните заедници на територијата на општина Аеродром** (овие лица не се вработени во Општина Аеродром, туку се избрани од граѓаните)

| Име на урбана/месна заедница | Пол на претседателите | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| УЗ Горно Лисиче Север | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Острово | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Бисер | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Ново Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Мичурин | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Запад | 0 | 1 | 1 |
| МЗ Долно Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Стар Аеродром | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Јане Сандански | 1 | 0 | 1 |
| УЗ Населба Лисиче | 0 | 1 | 1 |
| УЗ Горно Лисиче Југ | 0 | 1 | 1 |
| В к у п н о | 1 | 10 | 11 |
| Процент % | 9,09% | 90,91% | 100% |

**Табела 22: Број на ученици во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 320 | 281 | 601 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 196 | 219 | 415 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 423 | 412 | 835 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 470 | 500 | 970 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 747 | 744 | 1491 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 329 | 341 | 670 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 336 | 364 | 700 |
| В к у п н о | 2821 | 2861 | 5682 |
| Процент % | 49,65% | 50,35% | 100% |

**Табела 23: Број на вработени лица во основните училишта разделени според пол**

| Име на основно училиште | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ОУ „Блаже Конески“ | 52 | 3 | 55 |
| ОУ „Браќа Миладиновци“ | 40 | 7 | 47 |
| ОУ „Љубен Лапе“ | 79 | 5 | 84 |
| ОУ „Ѓорѓија Пулевски“ | 68 | 8 | 76 |
| ОУ „Лазо Ангеловски“ | 98 | 11 | 109 |
| ОУ „Димитар Македонски“ | 56 | 8 | 64 |
| ОУ „Гоце Делчев“ – Горно Лисиче | 51 | 13 | 64 |
| В к у п н о: | 444 | 55 | 499 |
| Процент % | 88,98% | 11,02% | 100% |

**Табела 24: Број на деца во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 690 | 667 | 1357 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 421 | 429 | 850 |
| В к у п н о: | 1111 | 1096 | 2207 |
| Процент % | 50,34% | 49,66% | 100% |

**Табела 25: Број на вработени лица во градинките разделени според пол**

| Име на детска градинка | Женски | Машки | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЈДГОА „Срничка“ | 129 | 12 | 141 |
| ЈУДГ „Буба Мара“ | 78 | 5 | 83 |
| В к у п н о: | 207 | 17 | 224 |
| Процент % | 92,41% | 7,59% | 100% |

**Табела 26: Податоци разделени според пол за бројот на директори во основните училишта што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во основни училишта | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 6 | 1 | 7 |
| Процент % | 85,71% | 14,29% | 100% |

**Табела 27: Податоци разделени според пол за бројот на директори во детските градинки што се наоѓаат на територијата на Општина Аеродром**

| Број на директори во детски градинки | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 1 | 1 | 2 |
| Процент % | 50% | 50% | 100% |

**Табела 28: Податоци разделени според пол за бројот на новороденчиња кои добиле решение за еднократна парична помош од Општина Аеродром**

| Број на новороденчиња | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| | 326 | 308 | 634 |
| Процент % | 51,42% | 48,58% | 100% |

**Табела 29: Податоци разделени според пол за бројот на претседатели на заедници на сопственици во Регистарот на Управители на станбени згради во Општина Аеродром согласно Законот за домување**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на претседатели на заедници на сопственици | 24 | 88 | 112 |
| Процент % | 21,43% | 78,57% | 100% |

**Табела 30: Податоци разделени според пол за лица кои се пријавиле бесплатно да играат тенис за време на викендите на тениските терени на територијата на општина Аеродром во текот на 2012 година**

| | Пол | | Вкупно |
|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | |
| Број на лица кои бесплатно играле тенис | 755 | 1143 | 1898 |
| Процент % | 39,78% | 60,22% | 100% |

**Табела 31: Податоци разделени според пол за барања од граѓани доставени до Општина Аеродром преку Граѓански сервис центар (ГСЦ) во текот на 2012 година**

| | Пол | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | Неодредено* | |
| Број на доставени барања преку ГСЦ | 272 | 497 | 23 | 792 |
| Процент % | 34,35% | 62,75% | 2,90% | 100% |

* Категоријата „Неодредно“ означува: група/здружение на граѓани, заедница на сопственици или лице чиј пол од напишаниот текст не може да се утврди.

**Табела 32: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром барање за информации од јавен карактер согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер**

| | Пол | | Правни лица | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени барања за информации од јавен карактер | 4 | 11 | 17 | 32 |
| Процент % | 12,50% | 34,38% | 53,12% | 100% |

**Табела 33: Податоци разделени според пол за граѓаните кои доставиле до Општина Аеродром претставки согласно Законот за постапување по претставки и предлози**

| | Пол | | Правни лица | В к у п н о |
|---|---|---|---|---|
| | Женски | Машки | | |
| Број на доставени претставки | 2 | 10 | 7 | 19 |
| Процент % | 10,53% | 52,63% | 36,84% | 100% |